Дневни билтени

2015
Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022

Извадок на дел дневните настани 26.08.2022

СВР Битола, до Основното јавно обвинителство Битола, поднесе кривична пријава против Ј.А(33) од с.Барешани, битолско, поради постоење на основи на сомнение за сторени кривични дела „убиство во обид" по член 123 во врска со член 19 и „загрозување на сигурноста" по член 144 од Кривичниот законик. На 25.08.2022 околу 09.00 часот во семејната куќа во с.Барешани, пријавениот со остар предмет му нанел повреда на неговиот татко Г.А.(58), по што му одзел пари. Набргу потоа, Ј.А. бил пронајден и лишен од слобода.

На 25.08.2022, полициски службеници од СВР Велес го лишиле од слобода З.Д.(42) од Велес. Тој бил баран со потерница поради бегство од Казнено-поправната установа Затвор Велес. При преглед кај него бил пронајден и одземен хероин. Лицето е предадено на надлежната казнено поправна установа, а против него ќе биде поднесена и соодветна пријава.

На 25.08.2022 во 13.00 часот во село Ваксинце, општина Липково, полициски службеници од Полициската станица за граничен надзор Сопот го лишиле од слобода М.Б.(34) од Велес. Во возилото „крајслер" со штипски регистарски ознаки, кое тој го управувал, биле пронајдени 16 лица мигранти од Сирија, од кои тројца малолетници. Претходно, на автопатот „Пријателство", кај село Костурник, тој не застанал на знак за запирање даден од полициски службеници и приклонил на АРСМ и продолжил кон село Ваксинце. Во селото тој изгубил контрола и удрил во брег до патот, по што се дал во бегство, но набргу бил фатен и лишен од слобода. Притоа, при излетувањето на возилото од патот, четири лица мигранти се здобиле со повреди и им била укажана лекарска помош во болницата во Куманово. Со повреда, исто така, се здобил и припадник на АРСМ при преземање мерки, по што и на него му била укажана помош во болницата во Куманово. Мигрантите биле пренесени во Транзитниот центар во Табановце, а М.Б. бил приведен во полициска станица. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 25.08.2022 во 17.55 часот на бул.„Борис Трајковски" во Скопје, полициски службеници од Полициската станица Кисела Вода го лишиле од слобода Б.М.(22) од Кочани. Тој бил фатен веднаш по извршување кражба од продавен објект на бул.„Борис Трајковски" и кај него биле пронајдени одземените предмети, кои биле оштетени на сопственикот. Лицето било задржано во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 25.08.2022 во 22.30 часот на кеј „Димитар Влахов", полициски службеници од Полициската станица Центар го лишиле од слобода Е.А.(19) од Штип затоа тоа што кај него биле пронајдени и одземени прашкаста материја и остар предмет. По документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 25.08.2022, од страна на полициски службеници од Полициската станица за Гранични премни Табановце била извршена контрола на еден автобус и еден комбе кои вршеле меѓународен превоз на патници. При контрола на автобус со скопски регистарски ознаки, управуван од И.Б.(57 од с.Визбегово, скопско и комби со струмички регистарски ознаки, управуван од В.Ј.(23) од стручничко, било констатирано дека вршеле меѓународен превоз на патници без поседување на соодветна документација. Од страна на Државниот инспекторат за транспорт изречени се соодветни санкции.

На 25.08.2022 во СВР Битола било пријавено дека при изведување градежни работи во с.Кукуречани била пронајдена граната. Граната била безбедно подигната од пиротехничар од Дирекцијата за заштита и спасување и било утврдено дека се работи за артилериска граната со калибар 75 мм од Правта светска војна.

Во текот на вчерашниот ден (25.08.2022) Министерството за внатрешни работи спроведе засилена акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 361 возач. Од нив девет возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а девет возила се движеле со дури над 70 километри на час повеќе од дозволената брзина. Притоа 199 возила ја пречекориле брзината во населено место, а 162 надвор од населено место.

Министерството за внатрешни работи во текот на вчерашниот ден (25.08.2022) продолжи со засилените акциски контроли во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 169 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 41 санкција, 12 мерки за возење без возачка дозвола, 32 санкции за прекршоци што ги прават возачите на мотоцикли. Изречени се пет мерки за користење мобилен телефон, седум мерки за нерегистрирани возила, седум санкции за минување на затворен сигнал (црвено светло), четири мерки за недавање пречекство на минување на пешаци, пет санкции за возач почетник...

Во текот на вчерашниот ден (25.08.2022) во периодот од 19.00 до 00.00 часот спроведена е засилена акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на прекршоци што ги прават возачите на мотоцикли, при што санкционирани се 114 возачи. Од нив, 78 возачи не користеле заштитна кацига за време на возење, 19 возеле без возачка дозвола, два мотоцикли се одземени поради истечена сообраќајна дозвола и предизвикување голема бучава, а санкционирани се и други прекршоци.

На 25.08.2022 во 12.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека на паркинг простор на ул.„Димче Мирчев", возило „дачиа" сопственост на МВР, управувано од С.С. (45) полициски службеник, удрило во Г.Ј.(63) од Скопје. Во несреќата пешакот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 25.08.2022 во 17.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека на крстосницата од ул. „Филип Втори", ул.„Даме Груев" и ул.„11-ти Октомври", патничко моторно возило „хонда" со скопски регистарски ознаки, управувано од Д.К.(25) од Скопје, удрило во велосипед управуван од малолетник од Скопје. Во несреќата велосипедистот се здобил со тешки телесни повреди констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 25.08.2022 во 12.15 часот во Полициската станица Аеродром, Л.М.(60) од Скопје пријавила дека на бул.„Јане Сандански" нејзиниот малолетен син бил каснат од куче скитник.

На 25.08.2022 во 17.35 часот во Полициската станица Аеродром, М.Ј.(53) од Скопје пријавила дека на бул.„Јане Сандански" нејзиниот малолетен син бил каснат од куче скитник.

На 25.08.2022 во 22.10 часот во Полициската станица Чаир, Н.П.Ц.(42) од Скопје пријавила дека во населбата Радишани нејзиниот малолетен син бил каснат од куче скитник.

На 25.08.2022, полициски службеници од СВР Велес го привеле М.З (31) од Велес, кој бил баран по наредба од Основен суд Велес за издржување на затворска казна во Казнено-поправната установа Затвор Идризово. Подоцна, лицето било предадено во установата за издржување на казната.

На 25.08.2022, полициски службеници од СВР Велес го привеле Е.А.(49) од Велес, кој бил баран по наредба од Основен суд Велес за издржување на затворска казна во Казнено-поправната установа Затвор Идризово. Подоцна, лицето било предадено во установата за издржување на казната.

На 25.08.2022 околу 15.20 часот на улица „Борис Кидрич" во Тетово, полициски службеници на СВР Тетово го лишиле од слобода 39-годишниот О.И. од Скопје поради сомнение за „фалсификување пари", кривично дело казнливо по член 268 од Кривичниот законик. При лишувањето кај него се пронајдени и одземени 29 фалсификувани банкноти од по 100 евра. Тој бил задржан во Полициската станица Тетово за натамошна постапка и по документирање на случајот ќе му биде изготвен соодветен поднесок. Инаку, О.И. се сомнева, исто така, дека фалсификувани банкноти пуштил во оптек и на пошироката кичевско подрачје.

Единицата за економски и компјутерски криминал при СВР Скопје поднесе кривична пријава против Д.С.(55) од Скопје поради постоење основи ан сомнение за сторено кривично дело „даночно затајување". Пријавениот, во текот на 2019 година, за реализираните приливи на денарски и девизни парични средства во вкупен износ од 2.363.229 денари не ги пријавил како другу доход, не поднел задолжителна годишна даночна пријава до Управата за јавни приходи и не платил данок на личен доход од 236.229 денари согласно Законот за персонален данок на доход и одредбите од Законот за даночна постапка. На тој начин тој се стекнал со противправна имотна корист во вкупен паричен износ од 236.229 денари.

Секторот за внатрешни работи Тетово, до Основното јавно обвинителство Тетово, поднесе кривична пријава против В.А.(35) од Скопје и Р.З.(22) од Тетово поради постоење основи на сомнение дека сториле седум кривични дела „измама". Двајцата се сомничаат дека самостојно или заедно, во периодот од февруари до мај годинава измамиле седум лица од Тетово , тетовските села Мала Речица, Желино, Долно Палчиште, Пирок, Шипковица и скопско Бојане. Во овој период, најчесто телефонски Б.А. им се јавувал на оштетените и им нарачувал мебел, им продавал старо железо, им нудел занаетчиски услуги, барал од нив да купи технички производи, барал пари за лекување на болни лица и друго. Првопријавеното, потоа го ангажирал Р.З. да ја презеде наплатата на паричните средства, исто така, пласирајќи им на оштетените различни прикази.

На 25.08.2022 во периодот од 08.00 до 20.00 часот на подрачјето на СВР Тетово била спроведена акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од дозволената. Притоа, била откриени и санкционирани вкупно 32 возачи кои ја пречекориле максимално дозволената брзина надвор од населено место (TE-27 и ГВ-5), од кои тројца пречекориле до 70 километри на час повеќе од дозволеното. Покрај ова, санкционирани се и 14 возачи (ТЕ) кои возеле побрзо од дозволеното во населено место, а биле санкционирани и 42 другви видови сообраќајни прекршоци (TE-27 и ГВ-15).

Вчерасенеќ, исто така, од 19.00 до 24.00 часот на подрачјето на СВР Тетово била спроведена контрола на мотоциклисти, при што санкционирани се вкупно 11 прекршоци (ТЕ-10 и ГВ- 1). Најголеемот број од прекршоците (9) се однесувале на некористење заштитна кацига, односно шлем (ТЕ-8 и ГВ-1), поради што деветте мотоциклисти веднаш се исклучени од сообраќај.

На 25.08.2022 во 11.10 часот во гостиварско Орѓуше, полициски службеници на СВР Тетово-Одделение за внатрешни работи Гостивар го лишиле од слобода 23-годишниот Б.С. од Република Албанија поради сомнение за непријавен престој на подрачјето и негова инволвираност во кражба на огревни дрва. Од Б.С. било одземено патничко моторно возило „фолксваген пасат" без регистарски ознаки. Се расчистува и документирања случајот и против него ќе следува поднесок.

Денеска (26.08.2022) во периодот од 08.00 до 12.00 часот Секторот за внатрешни работи Тетово спроведе засилена контрола за санкционирање на прекршоците што ги прават пешаците во сообраќајот. При контролата биле санкционирани вкупно 20 пешаци (ТЕ-17 и ГВ-3) кои непрописно ги преминувале улиците надвор од пешачки премини. На сите им се изготвени соодветни поднесоци, а санкционирани, исто така, биле и 4 (ТЕ) други видови сообраќајни прекршоци.

Денеска (26.08.2022) во периодот од 08.00 до 12.00 часот Секторот за внатрешни работи Битола спроведе акциска контрола на територијата на СВР Битола за санкционирање на прекршоци што ги прават пешаците. При контролата, санкционирани се 29 пешаци за небезбедно преминување на улица надвор од пешачки премин. Откриени биле и 14 останати прекршоци.

На 25.08.2022 во СВР Битола, П.Г.(23) од Битола, вработен како обезбедување, пријавил дека пред одигрување на ракометен натпревар во спортската сала „Боро Чурлевски" во Битола бил нападнат од Н.П. од Битола со тврд предмет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 25.08.2022 во 15.25 часот во Полициската станица Кочани било пријавено дека на објектот на домот на културата „Бели мугри" и на споменик во градскиот парк во Кочани биле залепени повеќе налепници. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 25.08.2022 околу 14.50 часот во СВР Скопје било пријавено дека во касарна „Илинден" во Скопје со повреда се здобил Б.Т.(45) од Злетово и бил пренесен во Градската општа болница „8-ми Септември" за укажување лекарска помош. Според пријавеното, тој се здобил со повреда при примопредавање на смена и проверка на оружјето од другото воено лице, при што пиштолот испукал во подот, а од рикошетот парче од подот го погодило во ногата. Од страна на Воена полиција бил известен Јавен обвинител, а увид на местото извршила екипа од СВР Скопје. Се работи на расчистување на случајот.

На 25.08.2022 во 11.20 часот во Полициската станица Центар било пријавено дека на паркинг простор на подрачје на Центар, по претходна расправија за паркинг простор, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу О.Н.(25) и А.М.(56), двајцата од Скопје. Се работи на расчистување на случајот.

На 25.08.2022 во 18.38 часот во Полициската станица Бит Пазар, К.Г.(45) од Скопје пријавил дека околу 18.35 часот на подрачје на Бит Пазар, по претходно недозволбаве во сообраќајот, бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 25.08.2022 во 16.30 часот во СВР Струмица, од Општата болница во Струмица било пријавено дека кај нив со повреди бил донесен В.Г.(36) од с.Василево, струмичко. Според пријавеното, тој се здобил со повредите при извршување на работни задачи во с.Доброшинци за фирма од Струмица. Извршен бил увид од екипа од СВР Струмица во координација со трудов инспектор.

На 25.08.2022 во 19.57 часот во СВР Скопје било пријавено дека во аптека на бул. „Партизански Одреди" едно лице со закана кон вработената одзело пари од дневниот промет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против Т.А.(37) од Охрид поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи". На 15.03.2022, при претрес во дом и други помошни простории кај пријавениот, полициски службеници пронашле и одзеле еден пиштол „Browning" калибар 7,65 мм, две празни рамки за пиштол, 40 куршуми за пиштол калибар 7,65 мм, футроли за пиштол и прибор за чистење на оружје.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кичево поднесе кривична пријава против С.А.(69) од Кичево поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „вршење на јавен превоз без поседување лиценца". На 10.08.2022, полициски службеници го затекнале пријавениот како управува такси возило, сопственост на друго лице, без лиценца за вршење на јавен превоз на патници во внатрешниот патен сообраќај за такси возилото.